РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-515/4
16.09. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 20-09-2024
Орг. Един.: 08 | Број: 45/43 | Прилог: | Вредност:

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и извештајот од Стручната комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии формира на 8 седница одржана на 11.07.2024 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 9-та седница одржана на 07.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Руска Ивановска - Наскова, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Наука за јазик - Романистика, од трет циклус на студии (бр. на акредитација 08-326/9 од 30.01.2024 година).
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање бр. 08 -125/35 од 09.07.2024 година (наш бр.08 -515/1 од 09.07.2024 година) за акредитација на ментор на докторски студии, на студиска програма Наука за јазик - Романистика, на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за проф. д-р Руска Ивановска - Наскова, Одборот за акредитација на високото образование, на 8 - та седницата одржана на 11.07.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, заверено со бр. 08 - 515/3 од 05.09.2024 година, согласно Законот за високо образование* и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9 - та седница одржана на 07.08.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Марјан Ѓуровски